**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 26-1057/9
Датум: 11.05.2026

Врз основа на член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24; 40/25; 101/25; 127/25) Општина Центар – Скопје објавува

**ОГЛАС за ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ**
**на Проектна програма со план за парцелација за Урбанистички проект со план за парцелација со намена А2 домување во згради за спојување на ГП 19.12 и 19.13 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 Одлука број 07-9331/10 од 10.12.2012) КО Центар 1 Општина Центар – Скопје**

Во согласност член 63 став (10) од цитираниот Закон, комисијата за урбанизам, формирана од градоначалникот со Решение бр. 09-73/1 од 8.1.2026 година, достави **Известување со бр. 09-1057/3 од 17.3.2026 година до непосредните соседи** од соседните градежни парцели и останатите сопственици во проектниот опфат, **вкупно 14** (четиринаесет) **препорачани пратки со доставници**.
Во согласност со член 63 став (11) од Законот, 7 (седум) доставници се вратија во Општината со доказ за извршен прием, а **7** (седум) **се вратија со доказ за неизвршен прием на препорачаната пратка** и врз основа на таквата фактографија ги известуваме непосредните соседи од соседните градежни парцели, односно останатите сопственици во проектниот опфат што не се баратели на предметната промена на градежните парцели 19.12 и 19.13 од Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, за намерата на барателите за спојување на двете градежни парцели во една и можноста за поднесување приговор на Проектната програма со скица на предлог-планот за парцелација и новата диспозиција на површините за изградба.

Предметниот проектен опфат (градежни парцели 19.12 и 19.13) е дефиниран со претходно одобрена планска документација – детален урбанистички план, и тоа: Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар – Скопје, донесен од Советот со Одлука број 07-9331/10 од 10.12.1012 година.

**Јавното излагање ќе се одржи во просториите на Општина Центар – Скопје,** на ул. „Михаил Цоков" бр. 1, **во барака бр. 3 канцеларија бр. 6 на 19.5.2026 година, од 9 до 11 часот,** и во закажаниот термин заинтересираните физички и правни лица можат да доставaт приговори на Планската програма.

Огласот за организирање на јавно излагање на цитираната Проектна програма ќе се објави на веб страната на Општина Центар - Скопје www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам.

**Раководител на Сектор за урбанизам**
**Танкица Христова Спасовска, диа**



ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk